

# Приведени тројца крадци, пронајдени пиштол, муниција и предмети од извршени кривични дела

14/10/2022 - 11:18 173

Од: **А1он**

SHARE

Денеска (14.10.2022) во периодот од 5.40 до 6.30 часот на подрачјата на ЕВР Центар и Бит Пазар и ЕВР Чаир, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода А.Ш.(40), Ф.В.(26) и В.Р.(20), сите од Скопје.

Добивај вести на вибер

Тие се сомнечат дека извршиле повеќе кривични дела „тешка кражба“ во куќи, станови и правни лица на подрачјето на Скопје.

По наредба на судија на претходна постапка од Основен кривичен суд Скопје, полициски службеници од СВР Скопје во координација со Одделот за криминалистичка полиција при МВР извршиле претреси на пет локации во Скопје.

При претрес во домот на А.Ш. биле пронајдени и одземени пиштол „глок 19“ со четири рамки и 33 куршуми калибар 9мм, ремен од автоматска пушка, ласерски нишан за пиштол и други предмети поврзани со кривичните дела.

Додека при претреси во домовите на Ф.В. и В.Р. биле пронајдени и одземени повеќе часовници од познати брендови и други предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривичните дела.

Лицата биле приведени во полициска станица и по целосно расчистување и документирање на случаите против нив ќе бидат поднесени соодветни кривични пријави.


## БИ МОЖЕЛО ДА ВЕ ИНТЕРЕСИРА



Полицијата уапси двајца крадци од гостиварско



Кумановец и малолетна скопјанка сакале да украдат автомобил



Приведени крадци од скопско, определен притвор



Малолетници од Скопје ограбувале продавници во Велес и Кавадарци



Сакале да украдат нафта од градежна машина



Крадци фатени на дело во трговски центар во Скопје






FACEBOOK LIKE
TWITTER FOLLOW
INSTAGRAM FOLLOW
YOUTUBE SUBSCRIBE



## НАЈЧИТАНИ



Инцидент во Бисер – 300 ученици се собраа на договорена тепачка, полицијата спречи ескалација

14/10/2022 - 22:16



Татко му на Маричиќ порача „једи *овна ти што прашуваш“, вицепремиерот се огради и извини

14/10/2022 - 18:16



Бислимоски: Ако училиштата се вратат на регуларниот пазар, маржата за ЕВН ќе се зголеми за пет до седум милиони евра

14/10/2022 - 15:40



ВИДЕО: „Еве што остана од воената база во Белгород по украинскиот напад“

14/10/2022 - 20:30



(ВИДЕО) Русија: Украинците го гранатираа Белгород, ја погодија трафостаницата

14/10/2022 - 22:47




@2019 - A1on. Сите права задржани.
Member of Clip Media Group